# КОНЦЕРТ

## Бисери на музичката литература



**Наташа Трбојевиќ - пијано**
**Златка Митева - флејта**

**4.12.2018 (вторник) во 14:30 ч.**
**Музичко училиште „Боро Џони“ - Струмица**

Министерство за култура
на Република Македонија

# ПРОГРАМА

**1.** Louis Ganne - Andante et Scherzo

**2.** L.van Beethoven – 32 Variationen c-moll

**3.** Philippe Gaubert – Fantasie pour Fleute et Piano

**4.** R. Shumann – Papillons op.2



# Биографија

***Наташа Трбојевиќ*** е родена 1965 година во Штип. Музичкото образование го стекнува во Основното и средното музичко училиште во Штип во класата по пијано на професорот Санда Бикова. Своето образование го продолжува наФакултетот за музичка уметност при2016 год. реализираше целовечерен концерт со проф .Васко Ристов во MC Gallery во Њујорк, САД;  Универзитет Кирил и Методиј во Скопје во класа по пијано на професорот Лепша Пиперковска, магистрирала во класата по пијано на проф. Евушка Трпкова Елезовиќ. Има освоено повеќе награди на натпревари по пијано .

За време на студиите има одржано голем број солистички концерти организирани од Музичката младина на Македонија и Млади музички уметници, Штипско културно лето, Скопско лето и др. Учествувала и во пијано трио во класата на професорот М. Куфојанакис, професор по камерна музика. Зема учество на семинари по пијано кај истакнати пијанисти;  Тимакин, А. Валдма, Б. Романов, Јокут Михајловиќ, Д. Трбојевиќ и др.

Од 1988 година работи како проф.по пијано во Средното музичко училиште во Штип. Истовремено работи и во Музичкото училиште во Врање и во Бујановац во Р. Србија, во периодот 1988-1992 година. Таа и припаѓа на првата генерација дипломирани пијанисти во Штип и е еден од основачите на класата по пијано во Средното музичко училиште во Штип. Била член на жири комисија на државни натпревари за пијано и камерна музика во Скопје и Битола од 2003 до 2009 година. Како музички педагог учествувала на повеќе државни и меѓународни натпревари во Скопје, Битола, Белград, Љубљана, Херцег Нови итн.

Од 2007 година работи како уметнички соработник на Музичката академија при УГД во Штип, со класите пофлејта,кларинет, труба и соло пеење. Настапува на многубројни концерти организирани од Музичката академија, вклучувајќи меѓународни и државни натпревари.

Од 2016 година станува доцент на Музичката академија на Универзитетот Гоце Делчев во Штип.

Од 2007 до 2017 година одржувасолистичку концерти (во Штип, Велес и Скопје) и преку 40 настапи и концерти, со многу музички солисти: Борис Трајанов (баритон), Благица Поптомова (сопран), Димитар Кожухаров (бас баритон), Наташа Пандазиева (мецо сопран), Златка Митева (флејта), Бранко Павловски (кларинет), со пијано дуото Трбојевиќ – Настовски.

Од 2013 год. активно настапува со камерниот состав Трио Академико, со кое има реализирано повеќе од 15 целовечерни концерти во Р.Македонија, Р.Србија и Р.Хрватска.

2015 год издаде ЦД (Барокна музика за глас, труба и пијано)заедно со проф. Васко Ристов и доцент Благица Поптомова;Целовечерен камерен концерт на Златка Митева , Димитар Кожухаров и НаташаТрбојевиќ“ во НУЦК „ Ацо Шопов “ Штип; Целовечерен камерен концерт на Златка Митева , Димитар Кожухаров и Наташа Трбојевиќ во Ликовен салон - Велес , во рамки на манифестацијата „Велес град на културата за 2015 год“; Концерт „Вечер на популарни арии“- Концерт на Наташа Трбојевиќ и Наташа Пандазиева во Ликовен салон - Велес; Концерт на Наташа Трбојевиќ и Наташа Пандазиева на Музичката академија во Штип - концертна сала;

2016 год. Два целовечерни концерти на Трио академико во концертната сала „Даворин Јенко“ во Белград и во концертната сала на музичката академија во Осијек; Концерт на Васо Ристов и Наташа Трбојевиќ во MC Gallery  во Њујорк САД ,Концертен настап на Трио академико на Концерт по повод 135 год од раѓањето на Бела Барток во Музеј на град Скопје и концертната сала при МА во Штип;

2017год. Концертен настап на 70 год. јубилej на ДМУЦ Сергеј Михајлов во УГ Безистен во Штип; Три целовечерни концерти на Трио академико на Академија на уметностите во Нови Сад, на фестивалот „InterVox“ во МузејСлавоније во Осијек и во концертната сала на Музичката академија „Франц Лист“ во Печ, Унгарија; Два целовечерни концерти „Вечер на македонски автори “ – Златка Митева – флејта и Наташа Трбојевиќ – пијано во УГ Безистен во Штип и во Музејот „Борис Христов“ во Софија, Р.Бугарија.

2018 год. Целовечерен концерт на Наташа Трбојевиќ и Златка Митева во Касел, Германија и MC Gallery, Њујорк.



# Биографија

***Златка Митева*** е флејтист од младата генерација, родена 1980 година. По завршувањето на Средното музичко училиште во Штип го продолжува своето образование на Националната Музичка Академија „Панчо Владигеров" во Софија, кај проф. Лидија Ошавкова, каде што дипломира и магистрира во 2005 година како музичар изведувач.

Својот музички профил Златка Митева го усовршува на многубројни семинари и мајсторски класови кај еминентисветски флејтисти како Патрик Гала, ЖерардБургоњ, АндрашАдорјан, Марина Новак, Филип Бернолд, КлаудиоФерани и др. Носителка е на музички награди од државни и меѓународни натпревари по флејта и камерна музика, меѓу кои Лауреат на меѓународниот натпревар "Петар Коњович" во Белград во 1998 година и добитник на специјална награда по камерна музика на меѓународниот натпревар "Земјата и Луѓето" во Софија, Бугарија во 2002 година.

Златка Митева има бројни настапи на музички фестивали во земјава и странство; Концерт со Македонската филхармонија во Скопје во 1998 година, Концерт со Академскиот симфоничен оркестар во Софија, Бугарија во 2002 година, Концертен настап на "Мајски денови" во Русе, Бугарија, Солист на фестивалот "Бахови вечери" во Софија, Концерти на Штипско културно лето, Интерфест Битола, Концерти со квартет,, Flautissimo,, на музичкиот фестивал ,,Аполонија,, и Европскиот музички фестивал во Софија и Варна, Целовечерни концерти во Ликовниот салон во Велес и Уметничка галерија ,, Безистен,, во Штип, концерт во Касел, Германија, MC Gallery во Њујорк, САД со пијанистката Наташа Трбојевиќ. Зазема учество на 9 – ти флејтов фестивал во ЗагорјеобСави, Словенија, учество на 15 – та флејтова конвенција ,,FLAUTISSIMO,, во Рим, Италија.

Златка Митева е член на камерниот состав ТРИО АКАДЕМИКО и заедно со овој состав остварува успешна музичка кариера и концертира на повеќе фестивали низ Македонија:"св. Софија" во Охрид, Штипско културно лето, Скопско лето, Музеј на град Скопје,концерти во Куманово, Велес, Кочани, Струмица и Битола, како и на меѓународната сцена; Интерфокс – Осијек во Хрватска, концерти на музичките академии во Белград и Нови Сад, Србија, на музичката академија „Франц Лист„ во Печ и Будимшешта, Унгарија.Таа е член и на Академското дувачко Трио со кое имаат реализирано концерти во Штип, св. Софија, Охрид и Чешкиот културен центар во Софија, Бугарија. Таа исто така настапува и со ансамблот за современа музика на сојузот на композиторите на Македонија ,,Контемпора,, со кој има реализирано повеќе концерти.

Во 2017 година, издаде ЦД (Музика за флејта и пијано од македонски автори) заедно со пијанистката Наташа Трбојевиќ.

Во моментов, Златка Митева е вонреден професор по флејта на Музичката Академија на Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип.